# КАЈ КАСИ СВЕТОТ ЗБОРУВА СО ЈАЗИКОТ НА БОИТЕ



**Веќе петта година македонската сликарка Касиопеја Наумоска во своето арт-студио „Касиопеја" во Скопје го собира светот во мало. На часовите по уметност на Касиопеја доаѓаат жени од разни делови од светот, кои по разни поводи во еден период живеат во Македонија. Главно тоа се сопруги на дипломати или претставници на други странски мисии, жени кои својата лична наклоност кон ликовната уметноста сакаат да ја збогатат со знаења за одредени техники на уметничка изработка**



**Касиопеја Наумоска**
Сето дружење во арт-студиото влијае позитивно и врз мојата уметничка работа. Се чувствувам исклучително богата, бидејќи за сите овие години запознав многу интересни личности и со голем број од нив станав добра пријателка. На 29 март во Музејот на град Скопје ќе ја имам мојата 12. самостојна изложба, на која ќе се претставам со триесетина нови платна. Верувам дека тоа ќе биде можност за добро дружење со сите мои пријатели од Македонија и од странство, секако меѓу нив и со жените од арт-студиото.

Жени од Англија, Франција, Кина, Јапонија, САД, Бразил, Шведска, Полска, Украина ... и од уште многу други земји од светот во едно сликарско ателје во Скопје комуницираат меѓу себе со јазикот на уметноста. Ателјето е на македонската сликарка **Касиопеја Наумоска**, која своето знаење за разни уметнички техники им го пренесува на жени, главно од дипломатските, но и од други кругови кои живеат во Македонија.

**- Идејата да го отворам ова студио потекна од една млада дама од Украина, која додека беше во Македонија сакаше престојот тука да го искористи за занимавање со уметност, нешто што долго посакувала да го работи, но дотогаш немала можност да го реализира. При една средба се договоривме таа и нејзините пријателки од Интернационалното здружение на жени во Македонија да го посетуваат моето ателје и јас да им држам часови од уметност. Интересот за часовите станува сè поголем, така што наеднаш групата од неколку члена се зголеми на 10 - 15 жени. Во текот на овие пет години, колку што работи студиото, низ него поминале повеќе од 50 жени од триесетина земји од светот како на пример Филипини, Кина, Јапонија, Молдавија, Украина, Чеченија, Полска, Англија, Франција, САД, Бразил, Шведска...** - вели Касиопеја Наумоска, позната сликарка од средната генерација македонски ликовни уметници, со реализирани 11 самостојни изложби и учества на повеќе групни претставувања во Македонија, Турција, Бугарија, Србија, Обединетите Арапски Емирати. Наумоска е добитничка на награда од публика на изложбата „Мал формат" - КИЦ во 1997 година, на награда за плакат во 2001 година и на наградата за сликарство „Петар Мазев" на ДЛУМ во 2003 година. Таа работи и како професор по ликовна уметност во скопското основно училиште „Круме Кепески". Во нејзиното арт-студио се изучуваат разни техники на уметничка изработка, од работа со глина, сликање на стакло, работа со пастели, со акварел, до масло на платно што е специјалност на самата уметничка.

**- Сметав дека е добро да се работат различни видови на техники, затоа што на тој начин се дооформува сопствениот ликовен ракопис** - објаснува Касиопеја. Таа потенцира дека заедничко на сите жени што ги посетуваат часовите во арт-студиото е што сакаат

▸

# АРТ-СТУДИО НА СЛИКАРКАТА КАСИОПЕЈА НАУМОСКА



да му дадат содржина на својот престој во Македонија. Во овој период студиото го посетуваат десетина жени и тоа два пати неделно по четири часа.

**- Убавината на овие наши средби е што освен за уметноста разговараме и за разни други теми од секојдневието, така што со текот на времето стануваме добри пријатели. Всушност, ова ателје е едно интересно место каде се мешаат различни култури и мислења, се мешаат Исток и Запад, азиското со европското, тука зборуваме за теми од културата, разменуваме мислења за филмови, музика, книги..., а секако пробуваме и понекој специјалитет. Мислам дека е интересно што во еден вака мал простор се постигнува еден топол амбиент, една посебна атмосфера во која преку јазикот на уметноста успеваме да се разбереме и да станеме пријатели** - вели Касиопеја.

Во два наврата досега арт-студиото има организирано изложби на создадените дела - една во галеријата „КО - РА" во Скопје по повод 8 март, а другата била со интерен аукциски карактер и собраните средства од продадените слики биле искористени за набавка на вакцини против беснило на кучињата-скитници. **- Мислам дека е време да организираме и трета изложба, бидејќи за овој период во арт-студиото има создадено повеќе од 70 дела. На изложбите обично доаѓаат блиските пријатели, сопрузите, колегите на нашите жени. Тоа е еден вид јавно презентирање на нивните трудови, што е мотив повеќе да продолжат да се занимаваат со уметност** - вели Касиопеја и додава дека лично се чувствува многу задоволна кога ќе слушне дека некои од нејзините пријателки од арт-студиото што веќе не се во Македонија продолжиле да се занимаваат со уметничка работа и во новата средина каде што живеат. **- Тоа го сфаќам како признание за мојот труд, како успешно завршен дел од мојата мисија - преку уметноста да се зближуваме сите од светот.**

Гордана Колевска

## Шантал Берже (Франција)

Во Македонија сум поради ангажманот на мојот сопруг кој работи во Француската амбасада. Тука ќе останеме три години. Ова ателје го посетувам од октомври минатата година, а со Каси се запознав уште пред тоа кога го посетив нејзиното ателје за да изработиме божикни честитки.

За мене ова е добар начин да истражувам нешто ново, да го доформам моето претходно знаење за уметноста. Се разбира во ова ателје имам можност да испробам и други техники кои досега не сум ги работела, како на пример пастел или сликање на стакло.



## Цен Уан (Кина)

Во Македонија сум дојдена со мојот партнер кој работи за шведски проект во областа на земјоделството. Тука сме веќе две години и исто толку време ги посетувам часовите во арт-студиото на Каси. Отсекогаш сум ја сакала уметноста, но во мојата земја, во Кина, не се образовав во таа насока, иако многу често одев во галериите и уживав да гледам во делата што беа изложени. Кога дојдов во Македонија, преку Интернационалното здружение на жени дознав за ова арт-студио и тука најдов можност да се занимавам со нешто што одамна сакав да го правам. Работам во маслена техника и досега имам направено триесетина слики. Посебно ми се допаѓа да работам портрети и веќе имам направено седум на мои блиски луѓе. Цртам и мртва природа, а кон пејзажите засега сум резервирана бидејќи ми изгледаат најсложено. Мислам дека е многу тешко во нив да го фатиш моментот, она менување на светлината, на сенките, движењето на воздухот. Сигурна сум дека има начин да се дофати тоа движење на мигот, но ете сè уште не сум го совладала.



## Никол Дуранс (Англија)

Мојот сопруг работи за НАТО и тука сме година и неколку месеци, а и ќе останеме тука до крајот на оваа година. Пред да дојдеме во Македонија живеевме во Италија. Многу уживав во уметноста, во учењето за неа. Кога бев млада немав време да се посветам на уметноста, во Англија постојано бев зафатена со работа и немав време да се посветам на мојата посебна страст. Кога дојдов во Македонија, бидејќи не го зборувам македонскиот јазик, немав конкретен ангажман, па решив да ги правам работите што отсекогаш сум посакувала да ги работам. Поточно јас почнав да сликам и во Италија, но таму работев акварели, а сега кога ја запознав Каси, бидејќи таа работи масло, решив и јас да се обидам во оваа техника бидејќи имам многу добар учител. Освен тоа работата во ова студио ми овозможува да се вклопам во средината, да запознаам нови пријатели од различни земји. Ова ателје нуди ретка можност да бидеме заедно, да се дружиме, да уживаме во пријателството.

